КАПИТАЛ БАНКА
ФИНАНСИСКА ИНОВАЦИЈА

**МИСЛЕЊЕ**
**на Надзорниот одбор на Капитал Банка АД Скопје за Извештајот на Друштвото за ревизија Гранд Тортон за извршената ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2018 година**

Друштвото за ревизија Гранд Тортон изврши ревизија на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје, коишто ги сочинуваат билансот на состојба на Банката на 31 декември 2018 година, билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промените во капиталот и резервите, извештајот за паричниот тек за годината која завршува на 31 декември 2018 година и прегледот на значајните сметководствени политики и други белешки.

Ревизијата на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје е спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и етичките стандарди кои ревизорите се обврзани да ги почитуваат. При вршење на ревизијата, ревизорите вклучија соодветни постапки за добивање на соодветни докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи и вклучија проценка на ризиците од постоење на материјално значајни грешки во финансиските извештаи.

Раководството на Банката е одговорно за изготвување и објективно презентирање на Финансиските извешати, во согласност со регулативата на НБРСМ.

Надзорниот одбор го прифаќа извештајот на Друштвото за ревизија Гранд Тортон за извршената ревизија на финансиските извештаи на Капитал Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година и истиот го смета за реален и објективен, а наодите за основани.

Претседател на Надзорен одбор,
Калина Василева Стефанова - Пеловска

КАПИТАЛ БАНКА
ул.„ Никола Кљусев" бр. 1, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел.: +389 2 310 25 00, факс: +389 2 310 25 96
www.capitalbank.com.mk

CAPITAL BANK
Nikola Kljusev str., No 1, 1000 Skopje
Republic of North Macedonia
tel.: +389 2 310 25 00, fax: +389 2 310 25 96
www.capitalbank.com.mk